| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Урбанистички план за село Другово Блок 3 А - Општина Другово, измени и дополнувања за плански период 2011 - 2021 год. |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Другово |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Другово |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | дипл.инж.арх. Фанија Пејоска - Лаброска |
| Назив на работното место | Раководител на одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР |
| Контакт податоци за лицето | 045 266 100, 072 273 193, fanijapejoska@yahoo.com |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Од Закон за просторно и урбанистичко планирање и од Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Другово за 2011 донесена под бр. 01-240/15 од 14.03.2011 година | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☐<br>Не☒ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Урбанистички план за село Другово е донесен од страна на Советот на Општина Другово со Одлука бр. 07-57/5 од 15.04.1999 год. како изменување и дополнување на УДНМ Другово (план од 1983г.), а се применува како УПС. Истиот е зонски план, без формирани градежни парцели, заради што во постапка за негово изменување и дополнување, иницирана од приватен инвеститор , започна законска постапка за изменување и дополнување на Урбанистичкиот план за село Другово за КП бр. 766/13, КО Другово, Блок 3 А, во производна зона и сервиси, односно Лесна и незагадувачка индустрија. Како инвеститор се јавува Општина Другово. Причина за изменувањето е зонскиот план, односно отсуството на детална обработка на градежна парцела со површина за градење, максимална висина, регулациона и градежна линија. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| ДА. Планскиот документ ја опфаќа областа на просторното и урбанистичко планирање и користењето на земјиштето, според член 65 став 2 од Законот за животна средина | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Да, со планската документација се предвидуваат проекти според кои ќе се изградат објекти во кои ќе се преработува дрво до финална обработка за патоси како и објекти за обновливи извори на енергија. За проектите што ќе произлезат од оваа планска документација ќе се изработат Еко елаборати. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| ДА. Планскиот документ опфаќа област во која се разработува урбанистичкиот Блок “3 А“ во кој се дефинирани пет градежни парцели со намена Г 2 - лесна и незагадувачка индустрија. Урбанистичкиот опфат има површина 1.0 ха, односно, намена Г 2 со површина од 0.9 ха, површина за Е 2 - инфраструктура со површина од 0.1 ха и сообраќајници 0.1 ха. Со донесување на планскиот документ ќе се подигне степенот на | | | |

| |
|---|
| развој во економијата, претприемаштвото, уредувањето на просторот со комунална инфраструктура, сообраќајници, ќе го заживее просторот со надворешни посети од инвеститори, додека можноста за нови вработувања ќе се зголеми. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Целта за донесување на планскиот документ е да се обработи урбанистички блок, во кој ќе се дефинираат градежни парцели во склад со сопственоста, односно во склад со катастарските парцели. Со урбанизацијата на блокот „3 А“ ќе се даде насока за развојот на основните функции и урбаната инфраструктура, додека пак со дефинирањето градежни парцели ќе произлезат урбанистички параметри со кои ќе се регулира идното градење на објектите. Областа е еколошки чиста и незагадена, па надлежните во ЕЛС Општина Другово со донесувањето на оваа планска документација ќе бидат сигурни дека постоечкиот природен еколошки простор ќе биде на едно завидно ниво. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 10 год., според ЗПУП. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| По истекот на пропишаниот плански период. Може и порано, по направени годишни анализи за реализацијата на планскиот документ. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Урбанистичкиот блок „3 А“ е лоциран на север од селото, во рамките на планскиот опфат на УПС Другово. Урбанистичкиот блок на север граничи со Урбанистичкиот блок „3 Б“ додека на југ со заштитниот појас за предвидената железничка траса на пругата кон Р. Албанија. На исток и запад тангира со границите на планскиот опфат дефиниран со УПС Другово. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со реализација на планскиот документ во блокот се предвидуваат градежни површини чија големина ќе зависи од неколку урбанистички параметри како што е процентот на изграденост на парцелата, коефициент на искористеност, максимална висина и паркирање и гаражирање. Со реализација на планскиот документ би се изградиле објекти во согласност со предвидените намени Г 2 - лесна и незагадувачка индустрија (пет градежни парцели), во која влегуваат сите видови производства кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации. Компатабилни класи на намена предвидени за секоја градежна парцела со планскиот документ се 30% Б 1 - мали комерцијални и деловни содржини. Во планскиот документ се содржат мерки за заштита од сите аспекти, а овој плански документ нема значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Во планскиот документ се предвидуваат пет градежни парцели со дефинирани максимални градежни површини со намена Г 2 - лесна и незагадувачка индустрија. Во овие површини се предвидува изградба на објекти. После нивната изградба се очекува движење на возила и механизација со што би имало присуство на издувни гасови, кои би биле краткотрајни и нема да влијаат битно на животната средина во целост. На јужната страна на предметниот блок предвидена е и железничка траса каде треба да поминуваат возови на електричен погон. Самите објекти во блокот нема да имаат негативно влијание врз животната средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Предвидените градежни површини во планскиот документ во која ќе се изградат објектите според предвидената намена нема да влијаат врз микроклимата во областа. За секој објект ќе се изработи еко елаборат во кој ќе се претстави јасна слика за функционирањето и влијанието врз животната средина. Отпадните води ќе се одведуваат во септички јами се додека не се стави во функција фекалната канализациона мрежа. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и | Со планската документација во која се предвидени низа мерки за заштита, ризиците по животот и здравјето на |

<table>
<tr><td>животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>луѓето и животната средина ќе се отстранат.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Опфатот на планскиот документ е еден градежен блок со површина од 1 ха, наспроти површината на Општина Другово од 383 км2. Општината брои 29 н.м., со вкупен број на жители 3249, додека н.м. Другово каде се наоѓа и локацијата со Блок „3 А“, брои 1500 жители.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со планскиот документ ќе се добие исклучиво позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија. Од економски аспект мора да се спомене големиот бенефит по однос на вработувања во објектите кои ќе се изградат, а тоа ќе значи дека младите кои живеат во н.м. Другово нема да размислуваат за отселување во други места за подобар живот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа со изградбата на објектот ќе добие зголемена вредност.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Областа е еколошки чиста и претставува природна и незагадена средина. Нема посебни природни карактеристики, а не е евидентирано никакво културно наследство во областа.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Нема влијанија за квалитет на животната средина ниту пак ќе дојде до надминување на граничните вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Земјиштето на кои ќе се изградат објектите, претставува градежно неизградено земјиште, се наоѓа во градежен опфат и сега нема интензивна употреба.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.</td><td>нема</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Планскиот документ поставува рамка во која се предвидуваат површини за градење со намена Г 2 - лесна и незагадувачка индустрија. На овие предвидени површини ќе се изградат објекти за кои е потребно да се спроведе постапка за ЕИА (оценка на влијанието на проектите врз животната средина).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Реализација на планската документација ќе се одвива во област каде се предвидува поминување на железничката пруга кон Р. Албанија, предвиден е урбанистички блок</td></tr>
</table>

| |
|---|
| со иста намена како предметниот, додека останатото опкружување е надвор од плански опфат за УПС Другово и претставува природен и еколошки здрав простор. Поради ова опкружување не се очекува негативно влијание врз проектите кои треба да се реализираат во иднина со оваа планска документација. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Планската документација нема влијание врз животната средина, освен што, по изградбата на објектите вработените ќе работат на тој план, на подобрување на заштита на животната средина и на намалување на еколошките проблеми во околниот простор. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Спроведувањето на планскиот документ, односно релизацијата на проектите со предвидената намена нема да предизвика зголемување на еколошките проблеми. Лесната и незагадувачка индустрија во својата суштина како намена не создава штетни еманации, додека пак со еко елаборатите за секој проект поединечно ќе се стави акцент на можните влијанија врз животната средина, па управителите и вработените во идните објекти ќе имаат упатства за негување на природната околина. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ кој е предмет на разгледување е директно поврзан со постојната урбанистичка планска документација од повисок ранг, УПС Другово, истиот е зонски план, што значи дека во зоните нема формирани градежни парцели.<br>Со овој план до сега не се забележани негативни влијанија врз животната средина. Бидејќи повисокиот план е без формирани градежни парцели се пристапи кон негово изменување и дополнување иницирано од градоначалникот на општината, односно се врши формирање на една градежна парцела за конкретна намена во зоната за јавна намена. За Општината Другово е донесен Стратегиски план за локален економски развој во кој е предвиден овој план.Нема разлики во клучните одлуки. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>При донесување на Стратегиски план за локален економски развој во кој е предвиден овој план, разгледувани биле безброј аспекти и правени се анализи од партнерството што зеде учество при неговото изработување. Нема разлики во клучните одлуки. Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ биле предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на плански документ, тогаш, а со овој план се |

| | | |
|---|---|---|
| разработени сите мерки за заштита. | | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Планскиот документ се однесува за еден градежен блок со утврдени сопствености. Влијанијата што ќе произлезат од него се важни за вклопувањето во идни плански документи на Општината како Просторен план на Општина Другово кој е предвиден во Законот за просторно и урбанистичко планирање, каде би се вградил, но не гледаме потреба истиот да подлежи на нови оценувања.<br>Би се вградил и во Стратегиски план за локален економски развој при негово ревидирање во иднина како успешен реализиран дел од населбата. Нема разлики во клучните одлуки. | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | дипл.инж.арх. Фанија Лаброска - Пејоска Раковидетел на одделение за урбанизам комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР |
| Датум 16.11.2011 година<br>Место Општина Другово | | М.П. |